Врз основа на член 4 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Советот за докторски студии на Факултетот за информатички и комуникациски технологии - Битола на седницата одржана на 11.09.2019 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

1.Условите и критериумите за конкурирање и запишување на студенти на студиската програма Информатички науки и компјутерско инженерство на Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола се согласно Конкурсот за запишување студенти на трет циклус – докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола во академската 2019/2020 година.

2. Право на конкурирање и запишување имаат кандидатите кои своите студии од втор циклус односно последипломски студии ги стекнале во научното поле техничко-технолошки или природно-математички науки и се стекнале со 360 ЕКТС кредити од првиот и вториот циклус на студии (додипломски и постдипломски студии) збирно.

Бр. 02-479/5
11.09.2019 година
Битола

Совет за докторски студии
Раководител

Ред. проф. д-р Виолета Маневска